# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

**ПЛАН**
**ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**
**НА ОПШТИНАТА ДЕМИР ХИСАР**
**(ДЕЛ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ЕВАКУАЦИЈА)**

**(Ажуриран во февруари 2018)**

**ДЕМИР ХИСАР**
**февруари 2018 година**

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | ИМЕ | СТРАНИЦА |
|---|---|---|
| 1 | Одлука | 3 |
| 2 | Стандардни оперативни процедури | 4 |
| 3 | Потсетник за употреба на планот | 7 |
| 4 | Прилог број 1-Организација и спроведување на мерката | 8 |
| 5 | Прилог број 2-Одделение за згрижување и евакуација | 9 |
| 6 | Прилог број 3-Преглед на материјален и персонален состав на одделението за згрижување и евакуација | 10 |
| 7 | Прилог број 4-Преглед на Комплет бр.6-Опрема за ПМП | 11 |
| 8 | Прилог број 5-Преглед на Комплет бр.7-Опрема за санитетски и интендатски работи | 11 |
| 9 | Прилог број 6-Преглед на Комплет бр.22 Опрема за центар за прифат на настрадано население (капацитет 500 лица) | 12 |
| 10 | Прилог број 7-Преглед на Комплет број 23-Опрема за дрводелски алат | 14 |
| 11 | Прилог број 8-Преглед на Комплет број 24-Електричарски алат | 15 |
| 12 | Прилог број 9-Преглед на кои даваат можност за сместување на загрозеното и настраданото население од општина Демир Хисар | 16 |
| 13 | Прилог број 10- Преглед на претпријатија, јавни установи и служби и месни заедници кои организираат исхрана на загрозеното и настрадано население | 17 |
| 14 | Прилог број 11- Преглед на местата за кои се цени дека ќе бидат загрозени и местата каде ќе се смести загрозеното и настрадано население | 19 |
| 15 | Прилог број 12-Преглед на претпријатија и МЗ и видот на материјалите што можат да го дадат како помош на загрозеното и настраданото население | 21 |
| 16 | Прилог број 13-Карта | 22 |

Врз основа на член 10, 11 став 3 како и член 13 став 1 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр.93/12 (пречистен текст), 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16) година, Советот на општина Демир Хисар ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За ажурирање на Проценката на загрозеност од природни непогоди и други несреќи, како и Плановите за заштита и спасување на општина Демир Хисар**

**Член 1**

Се ажурираат Проценката на загрозеност од природни непогоди и други несреќи како и Плановите за заштита и спасување на општина Демир Хисар и тоа деловите за заштита и спасување од пожари, поплави, прва медицинска помош и згрижување и евакуација.

**Член 2**

Со ажурираните Проценка и Планови ќе ракува лицето Игор Дамјаноски, вработен во општина Демир Хисар.

**Член 3**

Проценката и Плановите како и истите ажурирани, се чуваат во просториите на општина Демир Хисар во канцеларијата на ракувачот со Проценката и Плановите.

**Член 4**

Ажурираните Проценка и Планови влегуваат во сила од денот на неговото донесување.

Во иднина истите ќе се ажурираат од страна на ракувачот по потреба, без дополнителна одлука на советот на општина Демир Хисар.

17-196/6

**Бр. 26.02 2018**
**Демир Хисар**

**Совет на општина Демир Хисар**
**Претседател**
**Благоја Станојовски**

## Стандардни оперативни процедури

При појава на прродни непогоди или несреќи со поголеми размери ќе биде потребно загрозеното население да се извлече од тоа подрачје и обезбедат услови за живот и нормално одвивање на останатите активности. Со цел да се обезбеди навремено згрижување на настрадано и загрозено население на територијата на општина Демир Хисар потребни се подготовки на сите субјекти – учесници во таа активност. Оваа активност се организира со цел на загрозеното население да му се обезбедат основни услови за живот, сместување, исхрана, здравствена заштита, образование и други услови.

Согласно нашите согледувања, направените анализи и извршените проценки околу 500 луѓе ќе останат без елементарни услови за живот, кои ќе треба да бидат згрижени од надлежните институции. Поголеми загрозувања на населението и потребата за згрижување на луѓето ќе има при појава на разурнување на индивидуалните и колективните објекти, при појава на пожари и поплави кога би биле зафатени и населени места, појава на епидемии и други несреќи од пошироки размери.

Во организација на локалната самоуправа сместување на загрозеното население ќе се врши во семејства и во напуштени куќи каде што има услови во следните населени места: с.Вардино, с.Слепче, с.Стругово, с.Обедник, с.Смилево, с.Журче, с.Мренога, с.Вирово, с.Слоештица, с.Брезово, с.Ново Село, с.Зашле, с.Мало Илино и Ркитница. Исто можности за сместување на загрозено население има и во ПП „Младост” Демир Хисар (капацитет 39 легла); ЦОУ „ Браќа Миладиновци “ (интернат за сместување на ученици – 20 легла), манастирските комплекси во с.Слепче, Журче, Илино (со околу 200 легла), Детската градинка „2 -ри Септември” (20 легла) и во други објекти.

Здравствена заштита и прва медицинска помош за згриженото население обезбедуваат ЈЗУ „Здравствен дом”, екипи од Црвениот крст, РСЕ за ЗиС – одделение за ПМП и други невладини и хуманитарни организаци.

Носител во згрижувањето на настраданото и загрозено население ќе биде локалната самоуправа со своето одделение за згрижување и евакуација кое брои 11 припадници, а ќе учествуваат МЗ, ЈП, ЈЗО, подрачните одделенија на одредени министерства (труд и социјала, транспосрт и врски, одбрана, внатрешни работи, здравство и др.) кои согласно постојните закони имаат свои надлежности. За прифаќање на загрозеното население ќе бидат формирани пет прифатни пункта (2 во Демир Хисар и по 1 во с.Стругово, Журче и Жван) и четири екипи во Демир Хисар, с.Стругово, Журче и Жван.

Просторните сили на општина Демир Хисар потребно е да се опремат и обучат во наредниот период како би станале оперативни.

Условите за сместување цениме дека се добри, бидејќи населените места и планираните објекти се снабдени со вода, електрична струја, телефонски врски, патишта и др.

Приготвување на храна ќе се врши во ДООЕЛ „Младост”, ЦОУ во Демир Хисар, Смилево и во с.Жван, Детската градинка „2 -ри Септември” во Демир Хисар, а

превезувањето и поделбата на храна ќе биде во план и во организација на локалната самоуправа.

Хуманитарните и невладини организации ќе се грижат за подобрување на условите за сместување на населението, снабдување со средства за одржување на хигиената, исхраната, образованието и другите потреби на луѓето.

Згрижување на населението од болести ќе вршат здраствените установи во соработка со фондот за здраствена заштита – одделение Демир Хисар.

Исто така преку Заводот за здравствена заштита од Битола, редовно ќе се врши контрола на примероци од храна и вода кои ќе ги користат луѓето.

Согласно Процената на загрозеност на Р.Македонија од природни непогоди и други несреќи (Сл.в. на Р.М бр. 117/2007г.), територијата на општина Демир Хисар е класифицирана во 4 зона на загрозеност од што произлегува дека општина нема да врши евакуација на сопственото население, туку ќе врши прифаќање на евакуираното население од соседните општини – особено од општината Битола. Оптималниот капацитет за сместување на евакуирано население во општината е околу 5000 лица.

Прифаќање на евакуирано население од соседните општини ќе се врши во организација на локалната самоуправа и другите надлежни органи на собирните места во Демир Хисар и с.Жван, а сместување на евакуираното население ќе се врши во населените места: с.Смилево, Обедник, Утово, Стругово, Вардино, Слепче, Прибилци, Журче, Жван, Слоештица, Мренога, Вирово, Базерник, Доленци и с. Железнец.

Во зависност од која општина ќе се врши прифаќање на евакуираното население правци на движење ќе бидат по комуникациите: Битола – Демир Хисар и Кичево – с.Жван (собирно место) за во рамките на општината патните правци кои водат од собирните места (Демир Хисар и с.Жван до горенаведените места во кои ќе се врши сместување на евакуираното население. За превезување на евакуираното население од собирните пунктови, преку подрачните одделенија за транспорт и врски ќе бидат ангажирани автобуси, минибуси и други подготвени возила од ЈП „Македонски шуми" – подружница Демир Хисар, ЈЗУ „Душевна болница", АД „Транскоп" Битола, ЈКП „Комуналец" Демир Хисар и приватни превозници кои се занимаваат со превоз на патници.

Логистичка подршка за време на прифаќањето и сместувањето на евакуираното население ќе вршат просторните сили на општина Демир Хисар, РСЕ за Заштита и спасување одделение за логистичка подршка, ПП„Младост", ЈЗО Болница за душевни болести, АД „Железник", АД „Рудник" с.Сопотница и други установи.

Покрај горе наведените населени места за сместување на евакуираното население предвидени објекти за сместување во општината се и следниве: Хотел Ресторан „Младост" Демир Хисар (капацитет 39 легла); ЦОУ „Браќа Миладиновци" (интернат за сместување на ученици – 20 легла), манастирските комплекси во с. Слепче , Журче, Илино и Смилево (со околу 300 легла), Детската градинка „2 -ри Септември" (20 легла) како и сместување во куќи во населените места во кои сопствениците не живеат, а во кои има услови за сместување и престојување на евакуираните лица. Ако бројот на населението за сместување е поголем ќе треба да се извршат поправки, преуредување или адаптирање на некои од куќите кои од

поодамна се напуштени од нивните сопственици. Покрај ангажирањето на РСЕ за заштита и спасување во сместување на евакуираното население по план на локалната самоуправа ќе го вршат нивни претставници во соработка со луѓе од месните заедници, јавните претпријатија и други институции кои локалната самоуправа согласно Законот за ЗиС ќе го планира, организира и реализира евакуирањето на населението и РСЕ за ЗиС–одделението за ПМП, екипи од ЈЗУ „Здравствен дом" и „Болницата за душевни болести" ќе се грижат за здравјето на луѓето сместени во МЗ и другите објекти.

За потребите на евакуираното население Подрачното одделение за труд и социјална политика во соработка со локалната самоуправа и одборите на МЗ обезбедуваат услови за сместување во одредените објекти, а Црвениот крст и други невладини организации обезбедуваат материјални средства и други потребни ресурси за живот а претсавниците од Црвениот крст и невладините организации ќе се грижат за болните, повредените и изнемоштените лица, обезбедуваат и поделба на храна, хигиенски средства, облека, опрема и давање на друга помош потребна на евакуираното население.

Населените места и останатите објекти планирани за сместување на евакуираното население имаат електрична енергија и водоводна мрежа, регионалната и локалната патна мрежа е во добра состојба и овозможува движење на моторни возила и во лоши врнежливи услови, а исто така сите населени места се поврзани со телефонска мрежа.

За организирано и несметано извршување на прифаќањето на евакуираното население, локалната самоуправа, МЗ, ЈП и другите субјекти вклучени во овие активности ги спроведуваат следниве активности:

- изготвуваат список на лицата од одборот за прифаќање на евакуираното население;
- список на лицата ангажирани во собирните пунктови во Демир Хисар и с. Жван и на лицата од екипите кои ќе вршат раводување на луѓето по населени места;
- прегледи на единиците кои ќе вршат обезбедување, здравствените екипи и екипите на Црвениот крст;
- преглед на можните сместувачки капацитети МЗ, објекти од приватниот и државниот сектор;
- преглед на моторни возила кои ќе бидат ангажирани за превоз на населението;
- распоред на евакуираното население по реони; локација на пооделни органи, здавствени установи, училишта и друго;
- ТД, ЈП, ЈУи служби кои ќе бидат ангажирани за прифаќање на населението;
- преглед на здравствени установи кои ќе учествуваат во прифаќањето на евакуираното население и давање на медицинска помош и состав на екипите;
- преглед на социјални, хуманитарни и други институции и организации кои учествуваат во давање на помош на луѓето.

По сместувањето на луѓето во индивидуалните и колективните објекти се преминува кон организирано вклучување на евакуираното население во работни, просветни, културни, забавни и други активности.

## Потсетник за употреба на Планот згрижување и евакуација

За време на мобилизација, командирот го зема Планот од ракувачот на Планот. По доаѓањето на останатите припадници на единиците, командирот ги запознава со добиените задачи од Општинскиот штаб за ЗиС и со претстојните активности кои треба да се реализираат.

Се посочуваат приоритетните задачи, се наведува местото каде ќе се врши евакуација на луѓето, спасување на населението, материјалните добра од загрозеното подрачје и се посочува начинот на соработката со другите субјекти кои се ангажирани.

Потоа се врши подготовка на МТС, преглед на пристигнатите моторни возила, чамци и други средства за спасување од вода и единицитата се упатува на местото каде што треба да ги извршуваат задачите.

Командирот е во постојана комуникација со Општинскиот штаб за ЗиС, прима задачи од командантот на штабот и го известува за извршените задачи.

По завршување на активностите, командирот изготвува извештај и го доставува до командантот на Општинскиот штаб за ЗиС.

Мобилизациско место за просторните сили за згрижување и евакуација е зградата на Општина Демир Хисар.

ПРИЛОГ БРОЈ 1

## Организација и спроведување на мерката згрижување на населението

| р.б. | Задачи и активности | Носител на задачите и активностите | Време на реализација на задачите и активностите | Соработува со: | Прилози | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. |
| 1 | Згрижување на настраданото и загрозено население | -локална самоуправа<br>-РСЕ за ЗиС | Воени дејствија | -Надлежни институции<br>-органи за социјални грижи | Прилог број 2 | |
| 2 | Исхрана на настраданото население | Хотел Младост | | -органи за социјални грижи | | |
| 3 | Здравствена заштита и ПМП на настраданото население | -ЈЗО Здравствен Дом<br>-ЈЗО Психијатриска болница<br>-Црвен Крст | | -органи на социјални грижи | | |

ПРИЛОГ БРОЈ 2

Преглед на одделението за згрижување и евакуација

| Р.б. | Име и презиме | Адреса | Телефон | Должност |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Веле Стојановски | Демир Хисар | 078 425 463 | Командир |
| 2 | Кире Стојковски | Демир Хисар | | Водител на 1 екипа за адм. и тех.работи |
| 3 | Живко Јошевски | Демир Хисар | | Домаќин |
| 4 | Марјанчо Илиевски | Демир Хисар | | Администратор |
| 5 | Злате Ангелевски | Демир Хисар | | Хаус-мајстор |
| 6 | Николче Поповски | Демир Хисар | | Извршител-возач |
| 7 | Љупка Фидановска | Битола | 070 670 069 | Водител на 2 екипа за санитетски и интендантски работи |
| 8 | Јулијана Мијаковска | Демир Хисар | | Извршител за мед.згрижување |
| 9 | Горан Велевски | Света | | Извршител-готвач |
| 10 | Ацо Јоновски | Слоештица | | Извршител-готвач |
| 11 | Вецко Најдовски | Света | | Извршител-возач |

ПРИЛОГ БРОЈ 3

## Преглед на материјалниот и персоналниот состав на вод за заштита и спасување од пожари

| р.б. | Персонален состав | | | | Материјален состав | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Должност | Број | Вид на образование<br>Вид на занимање | Се пополнува со обврзници на | Вид | Количина |
| 1. | -командир на одделение | 1 | *ВО-општествени науки | *Во/Ро | Теренско возило<br>Радио уред<br>Камион до 5 тони<br>Мобилен телефон<br>Комплет бр.6*<br>Комплет бр.7*<br>Комплет бр.22*<br>Комплет бр.23*<br>Комплет бр.24* | 1<br>3<br>1<br>3<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1 |
| 2. | 1 екипа за адм./тех.работи<br>-водител<br>-домаќин<br>-администратор<br>-хаус-мајстор<br>-возач/извршител | <br>1<br>1<br>1<br>1<br>1 | *ВО-технички науки<br>ССС-од областа<br>ССС од областа<br>ССС од областа<br>ССС од областа-Ц-категорија | | | |
| | ВКУПНО ВО ЕКИПА | 5 | | | | |
| | 2 екипа за сан./интен.работи<br>-водител<br>-изврш.за мед.згрижување<br>-извршител/готвач<br>-извршител/возач | <br>1<br>1<br>2<br>1 | ССС од областа<br>ВСС-лекар од општа пракса или мед.тех.<br>ССС-од областа<br>ССС-од областа-возач Ц-категорија | | | |
| | ВКУПНО ВО ЕКИПА | 5 | | | | |
| | ВКУПНО ВО ОДДЕЛЕНИЕТО | 11 | | | | |

*ВО-Високо образование
*Во-воена обврска
*Ро-работна обврска

Забелешка: Водителот на 1 екипа воедно е и заменик на командирот на одделението

ПРИЛОГ БРОЈ 4

Преглед на Комплет број 6-Опрема за ПМП

| *Комплет број 6 | Количина |
|---|---|
| 1. Санитетска торба | 3 |
| 2. Санитетска носилка | 3 |
| 3. Крамерова шина | 12 |
| 4. Ќебе | 3 |
| 5. Разни завои | 30 |

ПРИЛОГ БРОЈ 5

Преглед на Комплет број 7-Опрема за санитетски и интендантски работи

| *Комплет број 7 | Количина |
|---|---|
| 1. Носилка | 6 |
| 2. Ќебе | 6 |
| 3. Сад за вода од 25 литри | 3 |
| 4. Решо за плин | 1 |
| 5. Садови за варење (разни големини) | 4 |
| 6. Лонче | 5 |
| 7. Комплет прибор за преврски | 1 |
| 8. Комплет на завоен стерилен материјал | 1 |
| 9. Комплет на завои за изгореници | 1 |
| 10. Ранец за мед.техничар | 1 |
| 11. Комплет крамерови шини | 1 |
| 12. Акумулаторска ламба | 1 |
| 13. Батериска ламба | 2 |
| 14. Резервен материјал за санитетска торба | 12 |
| 15. Шатор | 1 |

ПРИЛОГ БРОЈ 6

Преглед на комплет број 22-Опрема за центар за прифат на настрадано население (капацитет 500 лица)

| *Комплет број 22 | Количина |
|---|---|
| 1. Контејнер 2,2*2,6*6,0 | 2 |
| 2. Лимена гаража 3*6 | 1 |
| 3. Камп приколка 5 лежаи | 20 |
| 4. Шатор м-70 магацински | 2 |
| 5. Шатор трпезариски | 1 |
| 6. Шатор м-70 мал | 50 |
| 7. Дигалка за контејнер | 4 |
| 8. Хидраулична дигалка | 1 |
| 9. Вреќа за спиење | 500 |
| 10. Ќебе | 1000 |
| 11. Прибор за јадење | 500 |
| 12. Полски кревет | 500 |
| 13. Личен комплет за заштита | 200 |
| 14. Санитарна кабина туш, вц | 15 |
| 15. Појачало од 200 вати со 6 звучни кутии и 400 м проводници | 1 |
| 16. Радиоуред | 1 |
| 17. Мегафон | 1 |
| 18. Генератор 3 кб | 1 |
| 19. Генератор 5 кб | 1 |
| 20. Акумулаторска ламба | 5 |
| 21. Расветни тела, сијалици од 200 в и носачи | 10 |
| 22. Расветни тела за шатори | 60 |
| 23. Кабел ППОО 3*5 3*2,5 м | 600 |
| 24. Моторна пумпа со смукачко црево | 1 |
| 25. Пластично црево ф-52 со продолжетоци *15 | 5 |
| 26. Универзална млазница | 1 |
| 27. ПП апарат с-9, с-6 | 6 |
| 28. Резервоар за вода 1500 литри | 1 |
| 29. Садови за вода 25 литри | 10 |
| 30. Рачен филтер за вода | 2 |

| | |
|---|---|
| 31. Бојлер на цврсто гориво од 200 литри | 1 |
| 32. Туш батерија стоечка | 5 |
| 33. Железно буре 200 | 2 |
| 34. Водоводна цевка ½ м | 30 |
| 35. Фасонски делови тештихт, нипли, муфови, штоп колена | 50 |
| 36. Славини ½ | 10 |
| 37. Нарезници ½ | 1 |
| 38. Водоводџиски клуч | 2 |
| 39. Кучина кгр. | 2 |
| 40. Мобилна кујна | 3 |
| 41. Боца за плин 10 литри | 3 |
| 42. Монтажна камп маса | 20 |
| 43. Столче за расклопување | 120 |
| 44. Грбна пумпа бр 12 л. | 1 |
| 45. Капорит дез.средство | 10 |
| 46. Прашок и сапун кгр. | 30 |
| 47. Крпа за бришење | 600 |
| 48. Лопата | 10 |
| 49. Дурија | 2 |
| 50. Казма | 3 |
| 51. Канта за бензин од 25 л. Полна | 4 |
| 52. Масло двотактол литри | 5 |
| 53. Штици и талпи-м3 | 1 |
| 54. Разни клинци кгр. | 5 |
| 55. Суви оброци | 1500 |

ПРИЛОГ БРОЈ 7

Преглед на комплет број 23-Опрема за дрводелски алат

| *Комплет број 23 | Количина |
|---|---|
| 1. Пила за дрва моторна | 1 |
| 2. Секира | 2 |
| 3. Длето разни димензии | 3 |
| 4. Чекан од 300-500 грама | 1 |
| 5. Тесла | 2 |
| 6. Сврдла за дрво разни | 1 |
| 7. Столарска клешта | 1 |
| 8. Дупчалка лактеста со разни бургии | 1 |
| 9. Турпија за дрво | 1 |
| 10. Брус за точење | 1 |
| 11. Либела | 1 |
| 12. Елмаз-секач за стакло | 2 |
| 13. Столарски молив | 2 |
| 14. Мтеро | 2 |
| 15. Кланфи кгр. | 10 |
| 16. Клинци разни кгр. | 10 |
| 17. Жица палена м | 50 |
| 18. Железни клинови-парче | 10 |
| 19. Пила за дрва рачна | 2 |

ПРИЛОГ БРОЈ 8

Преглед на комплет број 24-Електричарски алат

| *Комплет број 24 | Количина |
|---|---|
| 1. Електричарски колан | 1 |
| 2. Кукачи за качување | 1 |
| 3. Изолирана вилушка за нафрлањеица | 1 |
| 4. Изолирани ракавици | 1 |
| 5. Гумена подлога 600*300*30мм | 1 |
| 6. Изолирана клешта за висок напон | 5 |
| 7. Разни изолирани одвртки | 1 |
| 8. Изолирана клешта | 1 |
| 9. Изолиран нож | 1 |
| 10. Фазомер | 1 |
| 11. Изолир лента | 1 |

ПРИЛОГ БРОЈ 9

Преглед на објектите кои даваат можност за сместување на загрозеното и настраданото население од општина Демир Хисар

| р.б. | Вид на објектот | Сопственост на претпријатие, јавна установа или служба | Мирновременска намена | Лоциран во: | Капацитет на легла при прилагодување | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | Хотел со ресторант за исхрана | АД Младост Демир Хисар | Хотелски објект | Демир Хисар | 38 | |
| 2 | Интернат за ученици | ЦОУ Браќа Миладиновци -Жван | Сместување на ученици | с.Жван | 20 | Некомплетен |
| 3 | Детска градинка | КДУ Детска градинка 2-ри септември Демир Хисар | Престој на деца | Демир Хисар | 20 | Само за деца |

ПРИЛОГ БРОЈ 10

Преглед на претпријатија, јавни установи и служби и месни заедници кои организираат исхрана на загрозеното и настрадано население

| р.б. | Име на организација или месна заедница | Име на објектот во кој се организира храна | Тип на објект | Капацитет на објект | Можност за прием на лица | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | ЗЗ Илинден 1903 Смилево | | | 100 | 150 | Објектот дава услови за исхрана за 10 дена |
| 2 | ЦОУ Гоце Делчев Демир Хисар | Училишна кујна со трпезарија за ученици | училиште | 120 | 120 | Објектот не располага со резервни намирници |
| 3 | АД Ориентал Табак Демир Хисар | Работничка менза | Затворен од тврда градба | 150 | 150 | Недостиг ќе има за 150кг леб и 20 кг месо |
| 4 | АД Младост Демир Хисар | Ресторант на хотелот | Затворен од тврда градба | 300 | 300 | Обавува исклучиво угостителна дејност |
| 5 | Рудник Демир Хисар Сопотница | Ресторант за општествена исхрана | Затворен од тврда градба | 80 | 80 | Објектот има услови за непречено готвење за |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 30 дена |
| 6 | ЦОУ Браќа Миладиновци Жван | Кујна за исхрана на ученици | Затворен од тврда градба | 100 | 100 | Не располага со резервни артикли за исхрана |
| 7 | КДУ 2-ри септември Демир Хисар | Трпезарија и кујна | Затворен од тврда градба | 20 | 20 | Само за деца |

ПРИЛОГ БРОЈ 11

Преглед на местата за кои се цени дека ќе бидат загрозени и местата каде ќе се смести загрозеното и настрадано население

| р.б. | Име на загрозената МЗ | Број на куќи (згради) кои не ќе се употребливи за живеење | Број на загро зени жите ли | Име на МЗ каде ќе се врши сместување | Име на објект за сместува ње | Број и капацитет на објектот за сместување | | Број на лица кои се сместуваат од загрозената МЗ | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | број | Капацитет во кревети | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 1 | Демир Хисар | 36 | 144 | Слепче<br>Стругово | | | | | |
| 2 | Загориче | 3 | 12 | Обедник | | | | | |
| 3 | Утово | 2 | 8 | Смилево | | | | | |
| 4 | Кутретино | 4 | 16 | Вардино | | | | | |
| 5 | Суводол | 6 | 24 | Журче | | | | | |
| 6 | Света | 12 | 50 | Вардино | | | | | |
| 7 | Бараково | 2 | 8 | Журче | | | | | |
| 8 | Единаковци | 11 | 45 | Вардино | | | | | |
| 9 | Граиште | 2 | 8 | Вардино | | | | | |
| 10 | Белче | 2 | 8 | Слепче | | | | | |
| 11 | Сладуево | 10 | 5 | Журче | | | | | |
| 12 | Сопотница | 15 | 75 | Мренога<br>Ракитница<br>Суво Грло<br>Ново Село | | | | | |
| 13 | Доленци | 3 | 6 | Брезово<br>Зашле | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14 | Железнец | 8 | 6 | Мало Илино | | | | | |
| 15 | Жван | 6 | 30 | Мренога<br>Вирово<br>Слоештица | | | | | |
| 16 | ВКУПНО | 106 | 455 | | | | | | |

ПРИЛОГ БРОЈ 12

Преглед на претпријатија и МЗ и видот на материјалите што можат да го дадат како помош на загрозеното и настраданото население

| р.б. | Име на организацијата или МЗ | Вид на материјалот кој го даваат за помош на загрозените и настраданите | | | | | | | | | | | | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | кревети | Душеци | покривачи | ќебиња | облека | обувки | шатори | Камп приколки | Кујнска опрема | Прехрамбени артикли | лекови | | Други средства | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| 1 | Ориентал Табак | | | | 50 | 200 | 50 | | | 10 лонци 100 тањири | | | | | |
| 2 | АД Младост | | | | | | | | | | | | | | Прехрамбени артикли |
| 3 | ЈЗУ Здравствен Дом | | | | | | | | | | | | | | Лекови |
| | Црвен Крст | | | | | | | | | | | | | | Хуманитарна помош |

Изработил:
м-р Игор Дамјаноски

Бр. 17-196/6 2018
Демир Хисар

Градоначалник на општина Демир Хисар
Марјанче Стојановски